ОУ Вера Циривири - Трена"

# ООУ Вера Циривири-Трена

ул.„ Руѓер Бошковиќ "бр.9
Карпош -Скопје тел.02/3068-507
oou.veraciriviri@gmail.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА
Бр. 08-621
03. 10. 2023 год.
СКОПЈЕ

## ПОВИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИК НА УЧЕНИЧКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

ООУ "Вера Циривири-Трена-Карпош" објавува повик за избор на ученички правобранител и заменици на ученичките правобранители.

Ученикот правобранител е ученик што ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и надвор од училиштето.

### 1. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување за функцијата ученички правобранител и заменик на ученичкиот правобранител имаат учениците од VII, VIII и IX одделение.

Прво на пријавување на функцијата заменик на ученичкиот правобранител ,имаат учениците од VI,VII и VIII одделение

### 2. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Документи за пријавување: **пријава и мотивационо писмо.**

Заинтересираните кандидати можат да подигнат пријава од педагошко – психолошката служба воучилиштето. Потребно е кандидатите да ја пополнат и да ја достават пријавата до педагошко – психолошката служба во училиштето.

Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.

**Краен рок за поднесување на документите: 13.10.2023**

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Избор за ученички правобранител и негови заменици вршат учениците од VII, VIII и IX одделение според следните критериуми:

- **пол;**
- **возраст;**
- **основно познавање на детските права,**
- **мотивација за пријавувањето,**
- **комуникациски и организациски способности,**
- **етничка припадност,**
- **претходно искуство, односно вклученост во воннаставните активности.**

## 4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ на ученичкиот правобранител и неговите заменици:

- учество на воведна обука за улогата и обврските на ученичкиот правобранител, организирана од страна на педагошко – психолошката служба;
- промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани;
- прибирање на преставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права);
- редовна комуникација и координација со педагошко – психолошкаслужба

Мандатот на избраниот ученички правобранител и замениците на правобранителите е 2 (две) учебни години(доколку правобранителот е од IX одделение, неговиот мандат е една учебна година).

**Лице за контакт: Татјана Дончевска- педагог**

Октомври, 2023г.Скопје

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ